Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-26/3
14.07.2025, Скопје

За потребите на проектот „Иницијатива за административна социјална правда" (финансиран од ЕУ во рамки на ИПА III EIDHR – EU-NDICI-THE-NEAR), врз основа на договор за грант меѓу ЕУ и Институтот за човекови права 2024/461-234 од 26.11.2024 година, проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ 06/2025
за ангажирање на лектор

1. Институтот за човекови права (ИЧП), во рамките на проектот „Иницијатива за административна социјална правда" (финансиран од ЕУ во рамки на ИПА III EIDHR – EU-NDICI-THE-NEAR), има потреба од **ангажирање на лектор кој ќе врши лекторски услуги,** кои ќе бидат неопходни за успешно реализирање на проектните активности.

   Набавката не е делива и проектот е ослободен од ДДВ

2. Опис на услугата:
   - Лектура на анализа за административна социјална правда;
   - Лектура на извештај за собирање на податоци од областа на административна правда;
   - Лектура на извештај од одржани состаноци на Национално координативно тело за административна социјална права;
   - Лектура на едукативни материјали и
   - Лектура на модули за спроведување на обуки.

Подетален опис на услугите се дадени во проектната задача 6/2025 која е дел од оваа набавка.

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)

Услугата треба да се испорача во период од **август 2025 до декември 2026 година.**

ИЧП ќе склучи договор со избраниот добавувач за реализација на услугите наведени во точка 2 од овој повик.

4. За таа цел, ве молиме да ни доставите Ваша понуда за горенаведениот повик, во следниот формат:

Квалитативниот дел на понудата треба да се состои од:
- Ваша кратка биографија со фокус на потребните квалификации;
- Соодветен доказ за положен испит за лектор.

Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат:

Ставка	Опис на производ/услуга	Ставка за наплата	Единечна цена во бруто износ (МКД)

1.	Лектура	1 страница текст на македонски јазик (цена за страница ворд-текст со максимум до 1800 јазични знаци со празни простори)	

5. Изборот на лекторот ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и финансиската понуда. Скалата на бодување врз чија основа ќе се изврши евалуацијата и избор на понуда е следната:

Квалитативна евалуација	**Максимум можни бодови**
Лекторски испит	max 30
Искуство	max 30
Вкупно бодови	**60**
Финансиска евалуација	**Максимум можни бодови**
Цена	max 40
Вкупно бодови	**40**
Финална евалуација	**Максимум можни бодови**
Просечна оценка за квалитативна евалуација	max 60
Просечна оценка за финансиска евалуација	max 40
Вкупна оценка	**100**

6. Услови и начин на плаќање

Плаќањето ќе биде извршено по реализација на услугата, најдоцна во рок од 30 дена.

8. Начин на доставување на понудите.

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов е-маил: vesna.stefanovska@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **21.07.2025 година.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса vesna.stefanovska@ihr.org.mk најдоцна до **18.07.2025 година**.

Институт за човекови права

Весна Стефановска,
Институт за човекови права